**ИЗЈАВА**

**ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО И АУДИО – ВИДЕО НАДЗОР**

Оваа Изјава за приватност го објаснува видот на лични податоци што АДМИРАЛ КАЗИНО МК ДОО Скопје (во натамошниот текст: Контролор), ги собира од вас при посета на службените/деловните простории и како Контролорот ги користи овие податоци.

**1. Зошто собираме (обработуваме) лични податоци?**

Контролорот собира лични податоци преку системот за видео и аудио – видео надзор од следните причини (цели):

- заштита на животот и здравјето на играчите, гостите и посетителите,
- заштита на сопственоста,
- заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата и
- обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените односно деловните простории за безбедносни цели.

Системот за видео и аудио – видео надзор не се користи за ниту една друга цел, освен наведените, а согласно прописите за игрите на среќа и забавните игри и прописите за заштита на личните податоци.

Камерите се поставени така што не го покриваат околниот јавен простор и имаат за цел да дадат општ преглед на она што се случува на одредени места.

Системот за видеонадзор исто така не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази при внатрешни истраги или дисциплински постапки, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видеонадзорот согласно Законот за заштита на личните податоци или аудио – видео надзорот согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри. Податоците од видео надзор може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дисциплинска или кривична истрага, а податоците од аудио – видео надзор претставуваат деловна тајна и може да се дадат на други лица само во согласност со закон.

Видео и аудио - видео надзорот се врши преку систем од камери инсталирани во подружница ГРАНД КАЗИНО АДМИРАЛ на ул.,,Железничка“ бр.31 Скопје.

Со системот за видео и аудио – видео надзор се опфаќаат: локации внатрешно во самиот објект и надворешно, кои ќе ги покриваат просторите каде ќе се одвиваат игрите на среќа, влезови/излези во објектот, простори пред влезовите, коридори, помошни простории, магацински простории, простории каде е поставена опрема за подршка на информатичката инфраструктура, каса, рецепција, енергетски постројки, и други локации неопходни за нормално функционирање на објектот на површини кои се сопственост на АДМИРАЛ КАЗИНО МК ДОО Скопје.

**2. Какви податоци собира Контролорот?**

Контролорот собира податоци за физички и физиолошки изглед, како и гласот на посетителите (играчите) кои влегуваат, играат и излегуваат од објектот и вработените.

**3. Кој е одговорен за обработка на податоците?**

Контролорот е субјект кое ја врши обработката на личните податоци согласно со одредбите од Законот за игрите на среќа и забавните игри и одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Димитар Ѓеорѓиевски е офицер за заштита на личните податоци и лице за контакт : d.georgievski@casino-f.com .

**4. Кој е правниот основ за обработка на личните податоци преку системот за видео и аудио – видео надзор?**

Контролорот обработува лични податоци преку системот за аудио – видео надзор со цел исполнување на обврска утврдена со Законот за игрите на среќа и забавните игри, а имајќи ги предвид целите за кои е воспоставен видео надзорот, обработката е законска согласно Законот за заштита на личните податоци.

Покрај тоа, на влезот на АДМИРАЛ КАЗИНО МК ДОО Скопје, има видливо и јасно истакнато известување за видео и аудио – видео надзорот кое им овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со вршењето на видео и аудио – видео надзорот, како и за називот на контролорот кој го врши овој надзор и за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео и аудио – видео надзор.

**5. Кој може да ги види моите лични податоци?**

До видео записите може да се пристапи само од страна на овластените лица за видео и аудио – видео надзор, кои имаат соодветно овластување дадено од страна на контролорот. Пристапот до дигиталниот уред или дискот на кој се чуваат видео записите е ограничен, заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците (лозинка, запис за секој настан или акција од вработените, односно овластените лица). До податоците, односно видео записите не може да се пристапи без овластување и/или одобрување од страна на АДМИРАЛ КАЗИНО МК ДОО Скопје.

**6. Како да ги остварите Вашите права како субјекти на лични податоци?**

Секој субјект на лични податоци има право да поднесе Барање за остварување на своите права согласно Законот за заштита на личните податоци. Барањето можете да го доставите лично во просториите на контролорот, да го испратите преку пошта или пак преку е-пошта info@gca.mk.

По однос на доставените Барања, контролорот ќе одговори односно постапи, откако ќе го идентификува субјектот на лични податоци.

Во случај и кога не можат да се преземат активности по однос на Вашето Барање, контролорот најдоцна во рок од еден месец од денот на приемот на Барањето ќе Ве информира за причините за непреземените активности по однос на истото согласно закон.

**7. Можам ли да пристапам до моите податоци?**

Вие имате право да пристапите до вашите податоци обработени преку системот за вршење видео надзор и да побарате копија (извадок) од видео надзорот за лично присуство во просториите

на контролорот, со доставување на барањето лично во просториите на контролорот, да го испратите преку пошта или пак преку е-пошта info@gca.mk.

Барањето за пристап и добивање копија (извадок) од видео надзор за лично присуство кај Контролорот, можете да го најдете на следниот линк https://www.gca.mk/.

**8. Можам ли да ги менувам моите податоци?**

Не е дозволено изменување на видео записот за видео и аудио – видео надзор.

**9. Може ли да побарам ограничување на обработката на моите податоци?**

Вие имате право да ја ограничите обработката на вашите лични податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор во секое време со доставување на барањето лично во просториите на контролорот, да го испратите преку пошта или пак преку е-пошта info@gca.mk кога ја оспорувате точноста на вашите лични податоци, или кога на Контролорот повеќе не му се потребни податоците за извршување на неговите задачи. Вие исто така можете да ја блокирате обработката и кога работењето е незаконско и вие се спротивставувате на бришење на податоците. Сепак, блокирањето не е можно во секој случај на службена истрага.

**10. Дали можам да ги избришам моите податоци?**

Вие имате право да побарате бришење на Вашите податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор во секое време со доставување на барањето лично во просториите на контролорот, да го испратите преку пошта или пак преку е-пошта info@gca.mk, кога обработката е незаконска.

**11. Дали се споделуваат моите лични податоци со други лица?**

Вашите податоци односно снимките од видео надзорот се чуваат од страна на контролорот и истите не се споделуваат на други физички/приватни лица, освен ако не дадете изречна согласност истите да бидат споделени.

Личните податоци обработени преку системот за видео надзор се даваат на корисници, кога е применливо, врз основа на писмено барање, доколку истите се потребни за извршување на работи во рамките на со закон утврдени надлежности на корисникот т.е. доколку корисникот согласно закон е овластен да ги обработува конкретните лични податоци.

Личните податоци обработени преку системот за аудио – видео надзор претставуваат деловна тајна согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри и истите контролорот може да ги даде на други лица само во согласност со закон.

**12. Дали имам право на приговор?**

Да, имате право на приговор и да се спротивставите на обработката преку системот за вршење на видео надзор во кое било време со доставување на барањето лично во просториите на контролорот, да го испратите преку пошта или пак преку е-пошта info@gca.mk кога имате легитимни причини во врска со вашата конкретна ситуација. Контролорот ќе постапи по вашето барање во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

**13. Што можам да направам во случај на проблем?**

а) Првиот чекор е да не известите како Контролор со испраќање е-пошта до info@gca.mk и да побарате да преземеме активности.

б) Вториот чекор, ако не добиете одговор од нас или ако не сте задоволни од тоа, контактирајте со нашиот офицер за заштита на личните податоци на е-пошта : d.georgievski@casino-f.com .

в) Во секое време можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци на е-пошта info@privacy.mk, која ќе постапи по вашето барање согласно закон.

**14. Кога ќе започне обработката на моите лични податоци преку системот за видеонадзор?**

Обработката започнува во моментот кога ќе ги посетите просториите на Контролорот.

**15. Безбедност на личните податоци**

Контролорот е посветен на заштитата на вашите лични податоци. Затоа, користи безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат вашите лични податоци пред се од неовластен пристап, употреба или откривање. Ние ги чуваме вашите податоци на компјутерски системи со ограничен пристап и во контролирана околина.

**16. Колку долго ги чуваме вашите податоци?**

Контролорот ќе ги чува вашите лични податоци прибрани преку системот за видео надзор најмалку 15 дена, а најмногу до 30 дена по вашата посета во нашите простории, по што сите снимени видео-аудио записи автоматски се бришат.

**КОНТРОЛОР,**

**АДМИРАЛ КАЗИНО МК ДОО Скопје**